АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/7
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100-та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Посебните услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Посебните услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула, и тоа:

1. **Во членот 1:**

   **1.1. во ставот (2)** , втората алинеја во целост се брише и по четвртата алинеја се додава нова алинеја која гласи: „- привремена неспособност за работа (дневен надомест).“

   **1.2. се додава нов став (3)** со следниот текст и содржина: „Со договорот за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај може да се вклучи и осигурување за во случај на тешка болест, според одредбите на Додатокот за осигурување тешки болести.“;

   **1.3. ставот (3) станува став (4).“** ;
2. **Во членот 5,** став (3), точка 8, се бришат зборовите на почетокот на реченицата „Прснување на мускули“ и запирката по зборовите;
3. **Во членот 6, став (3):**

   **3.1. во точка 1,** зборот „смртта“ се заменува со зборовите „ ...осигурен случај на смрт...“;

   **3.2.** се додава нова точка 7 која гласи: „Ќе настапи смрт на осигуреникот поради настан што не претставува осигурен случај.“ ;
4. **Во членот 8:**

   **4.1. во ставот (1)**:

   **4.1.1. точка 1** во целост се брише;

   **4.1.2. Броевите на точките 2, 3, 4 и 5 се менуваат редоследно во 1,2,3 и 4;**

   **4.1.3. Се додава нова точка под број 5 со следниот текст и содржина:** „Осигурената сума за во случај на тешка болест или половина од осигурената сума, согласно со членот 4 од Додатокот за осигурување на тешки болести, ако кај осигуреникот настапила тешка болест, кога ризикот од тешка болест е вклучен во полисата за менаџерско осигурување.“;

   **4.2. во ставот (2):**

   **4.2.1. во точката 1,** зборот „или“ се заменува со запирка и со „ 100% “, по зборот „инвалидитет“ се додаваат зборовите „или за случај на тешка болест“ и

зборовите на крајот на реченицата „ за случај на смрт (смрт од незгода и болест)" се заменуваат со зборовите „по полисата".

**4.2.2. во точка 2,** по зборот „инвалидитет" се додаваат зборовите „или за случај на тешка болест" и зборовите „ за случај на смрт (смрт од незгода и болест)" се заменуваат со зборовите „по полисата";

**4.2.3. се додава нова точка 3,** со следниот текст и содржина: „ Кога осигурувањето престанало пред договорениот рок на траење поради смрт на осигуреникот која не е осигурен случај, договарачот има право на надомест на 78% од уплатената премија соодветна на времетраењето на осигурувањето." ;

**4.3. Ставот (3) во целост се брише,** а ставот (4) станува став (3);

**4.4. Во ставот (4),** во првата реченица, зборовите „Одборот на директори" се заменуваат со зборовите „надлежниот орган на управување", а втората реченица се извојува во нов ред, како став (4);

5. **Во членот 9,** во ставот (3), во точка 3, по зборот „Република" се додава „Северна" и во точка 4, кратенката „Р" се заменува со зборовите „Република Северна";
6. **Во членот 11,** во ставот (2), се бришат зборовите „се испраќа преку пошта, се смета дека е платена во 24,00 часот во оној ден во кој е уплатена преку пошта, а ако" и по зборот „република " се додава „Северна";
7. **Во членот 13,** став (2), во втората реченица, по зборот „содржи:" натамошниот дел од реченицата се менува така што гласи:
   „ - почетна документација од првиот лекарски преглед на денот на незгодата, односно првиот лекарски преглед по незгодата;
   - сите лекарски извештаи и наоди издадени во тек на лекувањето."
8. **Во членот 23,** во ставот (2) и во ставот (3), зборовите „ Индикативната курсна" се заменуваат со зборот „курсната " и по зборот „Република" се додава зборот „Северна".

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Посебните услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**

Претседател

*м-р Марија Томеска*